РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено 14 -09- 2009
Орг единица | Број | Прилог | Вредност
07 3937/1

**ПРЕДЛАГАЧИ:** Група пратеници

До
г-дин Трајко Вељаноски
Претседател на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 72 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија и член 42 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, доставуваме

**ИНТЕРПЕЛАЦИЈА**

**за работата на министерот за Внатрешни работи Гордана Јанкуловска**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На Република Македонија, на 5.09.2009, за жал и се случи голема трагедија во Охрид, во која животот го загубија 15 бугарски државјани.

За жал, наместо да се превземе одговорноста и да се посветат сите одговорни институции да работат на разоткривање на вистината за настанот, започна најнеморалната претстава на политичката сцена во Македонија. Така, уште од самиот почеток, министерката Јанкуловска се расфрлаше со разни изјави со единствена цел да ја дефокусира јавноста од вистинските виновници за оваа трагедија. Манипулираше со бројот на жртвите и бројот на патници, се со единствена цел да ја релативизира одгворноста на министерот Јанакиески.

Немањето никаква контрола при давањето лиценци и регистрација на објекти, доведе ова лето до хаос во езерото, охриѓаните споменуваат бројка од околу 4000 пловни објекти (глисери, јахти, педалинки, чамци и скутери). Покрај тоа некои од пловните објекти се со огромна сила која одговараат на морски, а не езерски услови. Таквиот хаос, за жал предизвикаа огромен број инциденти и трагедии. Во дел од инцидентите, главни актери беа најблиското опкружување од обезбедувањето на премиерот Груевски. Очигледно Езерската полиција, беше нем посматрач без активна контрола за време на летниот период.

Сеуште се прераскажува случајот од месец август, со неконтролираното движење на празен полициски чамец со запален мотор, без присуство на возач полицаец, кој претходно паднал во вода поради бесно возење веднаш над

плажата кај хотелот „Инекс Горица", кој за среќа не предизвика поголеми инциденти поради тоа што немало капачи во водата.

Министерот Јанкуловска го цитира законот за внатрешна пловидба единствено кога треба да ги промовира своите активности во маркетиншки цели, како што беше случај со новата скутерска единица на МВР, но не чуствува никаква одговорност за она што се случи со бродот Илинден. Имено, министерството согласно законот за внатрешна пловидба воведе нова скутерска единица да крстари по Охридското Езеро со специјално опремени и обучени полицајци со цел за да летово се грижат за безбедноста на капачите и на останатите субјекти во Охридското езеро. Но кога се случи трагичниот настан, изостана одговор за нивната одговорност.

Врв на политичката неодговорност и доказ за немањето ников капацитет за водење на едно така важно министерство, беше случајот со снимките од настанот со бродот Илинден. Јавноста беше сведок дека снимките што истражните органи по нарачка на полицијата извршила подводно снимање на потонатиот брод, ексклузивно ба емитувани на еден медиум, со што повредена е постапката и загрозен судскиот процес, доведувајќи ја незавршената истрагата под сомневање. Според Законот за внатрешна пловидба, член 261, единствено Капетанијата е надлежна за обезбедување на брод или пловен објект кој имал несреќа. Ако го нарачала тоа полицијата, тогаш како тие снимки, и со кој професионализам и етичност и се отстапени на медиумите. Апсолутно несериозен чин на полицјта, за да може министерката да избегне од одговорноста.

За министерката Јанкуловска и пред оваа трагедија постоеа доволно аргументи за да ја напушти министерската функциија. Последниот немил настан само ја прелеа чашата!

За нејзината работа се врзуваат серија потези кои ја прават недостојна за оваа одговорна функција. Од самиот почеток започна со масовна партизација на полицијата, замена на стручните лица со партиски бодигарди, дозволи дел од тие структури да упаднат по дискотеката ПРОЦЕС и покрај демолирањето на истата да повредат неколку гости, обезбедувањето на премиерот изигруваат шерифи по скопските дискотеки, а личниот бодигард на директорот на ДБК прегази велосипедист на пешачки премин, а МВР и министерката не презедоа никакви активности. Под палката на министерката, беа нападнати студенти и млади лица кои на плоштадот Македонија во Скопје организираа мирен протест.

А, како министер во владата која најнетранспарентно троши народни пари, даде сопствен придонес со набавката на опрема за прислушкување, хеликоптери, маички и панцири, прогласен за најматен настан за месец август од страна на главните уредници и невладината организација Транспарентност-нулта корупција.

Собранието на Република Македонија во расправата за интерпелација треба да отвори дебата на која отворено ќе се разговара и ќе се лоцира политичката одговорност.

Во услови кога кај министерот Јанкуловска, а особено кај претседателот на Владата на Република Макеdedониија нема елементарна државничка зрелост и демократски капацитет, позитивното изјаснување за интерпелацијата ќе ја врати вербата во Собранието како место во кое согласно Уставот се врши политичка контрола над работата на владините министри.

ПРАТЕНИЦИ,

| | ПРЕЗИМЕ И ИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | АНАСТАСОВА СТАНКА | |
| 2. | АНДОНОВ МИЛЕ | |
| 3. | БЕНДЕВСКА ВЕСНА | |
| 4. | БУЧКОВСКИ ВЛАДО | |
| 5. | ГРКОВСКА- ЛОШКОВА СЛАВИЦА | |
| 6. | ДИНЕВСКИ МЕНДЕ | |
| 7. | ИВАНОВА ЦВЕТАНКА | |
| 8. | ИВАНОВСКИ ИГОР | |
| 9. | МАКРАДУЛИ ЈАНИ | |
| 10. | МИНЧЕВ ГОРАН | |
| 11. | НИКОЛОВ МАРЈАНЧО | |
| 12. | ПЕТРОВ АНДРЕЈ | |
| 13. | СТАНКОВИЌ ЕМИЛИЈАН | |
| 14. | СУГАРЕВСКИ ГОРАН | |
| 15. | ТУШЕВА МАРИНЕЛА | |
| 16. | ЃУРКЧИЕВ НИКОЛА | |
| 17. | ЧИНГОВСКИ ТОМЕ | |
| 18. | ШЕКЕРИНСКА РАДМИЛА | |